**ПРЕДЛАГАЧИ: ГРУПА ПРАТЕНИЦИ**

# ПРЕДЛОГ НА ОДЛУКА ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ СЕ ИЗБРАНИ ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ НЕ СЕ ИЗБРАНИ ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, јуни 2017 година**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 13. 06. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1631/1 | | |


**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА**
**СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 184 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, во прилог Ви се доставува Предлог на одлука за надоместок на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија и на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија

Едновремено, предлагаме оваа Предлог-одлуката да се внесе на дневен ред на првата наредна седница на Собранието на Република Македонија.

**Пратеници:**

Томислав Тунтев
Ejup Alimi
Afrim Gashi
Vesel Memedi
Bardhyl Dauti
Димовски Илија

ПРЕДЛОГ

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 86 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 136/2008, 44/2011 51/2011 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016 и 142/2016), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на __________ 2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ СЕ ИЗБРАНИ ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ НЕ СЕ ИЗБРАНИ ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се определува надоместок на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија и во учесниците на изборната кампања од чии листи на кандидати не се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија.

Член 2

Надоместокот на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија, во висина од 15 денари по добиен глас, изнесува:

1. ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО), СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА, СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА НА ПРАВДАТА, ГРАЃАНСКА ОПЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА- ГРОМ, СТРАНКА НА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ, РАБОТНИЧКО ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ТРАЈНО МАКЕДОНСКО РАДИКАЛНО ОБЕДИНУВАЊЕ, МАКЕДОНСКА АКЦИЈА (МААК), НОВА ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА, ПАРТИЈА НА ОБЕДИНЕТИ ДЕМОКРАТИ НА МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, ВМРО-ДП (ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА), ДЕМОКРАТСКА БОШЊАЧКА ПАРТИЈА, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ, СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА УНИЈА, РОМИ ОБЕДИНЕТИ ОД МАКЕДОНИЈА, СОЈУЗ НА ТИТОВИ ЛЕВИ СИЛИ, ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ НА РОМИТЕ, ДВИЖЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ, ДЕМОКРАТСКИ СИЛИ НА РОМИТЕ

   454.577 добиени гласови Х 15= 6.818.655 денари

2. СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА- СДСМ, НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА-НСДП, ЛИБЕРАЛНО ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА- ЛДП, ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА- ПДТ, НОВА АЛТЕРНАТИВА-НА, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА- ДСВМ, СРПСКА СТРАНКА НА МАКЕДОНИЈА- ССМ, ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ 21- "ПЕП 21", ПАРТИЈА НА ОБЕДИНЕТИ ПЕНЗИОНЕРИ И ГРАЃАНИ НА МАКЕДОНИЈА- ПОПГМ, ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА-ПЕИ, АЛИЈАНСА ЗА ПОЗИТИВНА

МАКЕДОНИЈА- АПМ, ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА- ДОМ, СРПСКА НАПРЕДНА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА- СНСМ, ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ-ПЦЕР

436.981 добиени гласови X 15 денари = 6.554.715 денари

3. ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА – ДУИ

85.173 добиени гласови X 15 денари = 1.277.595 денари

4. ДВИЖЕЊЕ БЕСА

57.868 добиени гласови X 15 денари = 868.020 денари

5. КОАЛИЦИЈА „АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ" (ДР-АДП, УНИТЕТИ, НДП)

35.121 добиени гласови X 15 денари = 526.815 денари

6. ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ – ДПА

30.377 добиени гласови X 15 денари = 455.655 денари

## Член 3

Надоместокот на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија, во висина од 15 денари по добиен глас, кои освоиле најмалку 1,5 % од вкупниот број гласови од излезените граѓани на ниво на изборна единица изнесува:

1. КОАЛИЦИЈА ВМРО ЗА МАКЕДОНИЈА

23.604 добиени гласови X 15 денари = 354.060 денари

2. ЛЕВИЦА

4.556 добиени гласови X 15 денари= 68.340 денари

## Член 4

Надоместокот на трошоците од членовите 2 и 3 на оваа одлука се исплатува од Буџетот на Република Македонија, најдоцна во рок од три месеца по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број ______

_______ 2017 година

Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Талат Џафери,с.р.

## О б р а з л о ж е н и е

Во Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 136/2008, 44/2011 51/2011 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016 и 142/2016), во членот 86 од Законикот, меѓудругото е утврдено дека право на надоместок на трошоци за избори имаат учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани кандидати за пратеници, во висина од 15 денари по добиен глас. Право на надоместок на трошоци за избори имаат учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за пратеник, во висина од 15 денари по добиен глас ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани на ниво на изборната единица. Надоместокот на трошоците за избори ќе се исплати од Буџетот на Република Македонија, најдоцна во рок од три месеца по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори. Надоместокот на трошоците за избори се определува со одлука на Собранието.

Согласно цитираните одредби од Изборниот законик, Собранието на Република Македонија потребно е да донесе одлука за надоместок на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија и на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија.